**20140471397**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013 и 187/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 21 јануари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИ НА ЗАВРШЕНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ОД ОБЛАСТА НА КАРДИОЛОГИЈА**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат референтни цени за пакети на завршени здравствени услуги од болничката здравствена заштита од областа на кардиологија по кои Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги надоместува здравствените услуги кои се на товар на Фондот.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги надоместува здравствените услуги од болничката здравствена заштита од областа на кардиологија, за следните пакети на завршени здравствени услуги по следните референтни цени:

| Шифра | Вид на здравствена услуга | Референтна цена |
|---|---|---|
| РТС1 | Ресинхронизациона терапија на срцето (CRT-P) | 200.000 |
| РТС2 | Ресинхронизациона терапија на срцето со имплантибилен кардиовертер дефибрилатор (CRT-D) | 900.000 |

Референтните цени ги опфаќаат трошоците за услугата на здравствените работници – тимот кој ја извршува услугата (трудот), трошоците за тековно и инвестиционо одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лекови и медицински потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-2014/8
3 февруари 2014
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
**Ангел Митевски,** с.р.